# МАТЕРИЈАЛИ

Б. РИСТОВСКИ

## АВТОБИОГРАФИЈАТА НА ДИМИТРИЈА ЧУПОВСКИ

### (Новопронајден документ од големо историско значење)

Во оставнината на Димитрија Димов Чуповски (1878—1940) во Ленинград, меѓу другите важни документи, го најдовме и копието од машинопис на руски јазик под наслов „ИЗ МОЕЙ БИОГРАФИИ“, со мали технички исправки (со мастило) и со карактеристичниот рачен потпис на авторот: **Д. Павле—Чуповский**. Иако напишана за службена употреба, заради одредени лични потреби или по нечие официјално барање, настаната веројатно во 1933 год., таа е всушност единствениот досега пронајден документ од ваков карактер што дава преглед на целокупниот негов активен живот и на најзначајните моменти од неговата богата и разновидна дејност. Токму поради ваквиот карактер и намена на документот, некои важни настани и акции се премолчани, како неопортуни во тој момент и во тие околности, а други се недостатно или еднострабчиво осветлени. Од друга страна пак, поради временската дистанца, очевидно без претходна консултација на постојните извори, во автобиографијата се направени и пропусти во датирањето на некои настани или појави. За жал, не ни беа достапни архивските фондови од поновиот период на СССР, па не можевме да го консултираме веројатно богатото службеничко досие на Чуповски што е заклучено со неговото пензионирање во 1933 год., каде што, во рамките на вообичаените формулари, тој морал да дава подробни податоци за себе и за своето минато.

За монографијата на Чуповски имаат посебно значење личните објасненија и оценки на минатото во еден момент кога неговото дело е речиси веќе завршено. Посебно се значајни податоците за неговото духовно формирање во Македонија, Бугарија и Србија, за неговото директно учество во револуционерното движење уште од 1895 год., како и во големиот број национални манифестации на Македонците во периодот по 1900 год. во Русија. Овде дознаваме и за учеството на Д. Чуповски во бурните настани на Руската револуција од 1905 год. во Петербург и за причините за неговото исклу-

чување од Универзитетот, како и за учеството и односот негов во Октомвриската револуција од 1917 год., во која се вклучи, како „македонски револуционер", заедно со д-р Г. Константинович, Д. Пешковски, М. Антонов и други Македонци. Исто така се значајни и податоците за неговата работа по Револуцијата, во условите на младата советска држава на Ленина.

Воопшто земено, иако кратка и непотполна, автобиографијата на Д. Чуповски претставува документ од големо историско значење што несомнено ќе предизвика посебен интерес во нашата наука. Поради тоа материјалот го предаваме во факсимил (на руски јазик) и во паралелен превод на македонски, правејќи ги сите неопходни забелешки и објасненија заради неговото полесно користење.

# ИЗ МОЕЙ БИОГРАФИИ

Родился я в 1878 году в Македонии, Велесского округа, село Попрадище, в крестьянской семье. Отец был бедняком, скоро после моего рождения он погиб в сражениях с турками, оставив мою мать с многочисленной семьей. Когда мне было 10 лет, наше село, считавшееся в Западной Македонии одним из революционных очагов, подверглось со стороны турок полному разгрому. Семья наша переехала на жительство в гор. Крушево, где я был отдан в учение по малярному делу.

Через 2 года я вместе с одним из старших братьев уехал в г.Софию,- Болгария, где в течении 3-х лет работал по малярному делу, а по вечерам и праздникам посещал школу грамоты.

В 1892 году я переехал в Сербию, в г. Белград, устроившись на работу по своей специальности, а по вечерам учился в учительской школе, открытой в то время сербами специально для рабочих македонцев и детей старой Сербии и Боснии. Школа эта имела явно шовинистический характер, и имела целью создавать сербский-этнографический элемент. Здесь мне впервые приходилось выступать в роли защитника своей родины - Македонии. По окончании учительской школы в 1895 году, я вернулся на родину и стал учительствовать в родном селе Попрадище. В эти годы в Македонии развивалась широкая деятельность"внутренне-македонской революционной организации" ставившей целью массово подготовить народ для общего восстания против угнетателей-турок. Жажда свободы охватывала в то время все слои населения. Вся македонская молодежь, где-бы она не находилась, - в Македонии или заграницей, была в распоряжении внутренней организации и готова была нести всякие жертвы.

В это эпическое время истории македонской революции мне не пришлось долго работать внутри страны, так как я, еще будучи в Сербии, был хорошо известен турецким агентам, как активный пропагандист освобождения Македонии, а поэтому, по приезде моем на родину, установлено было за мною наблюдение. Вскоре последовал мой арест, предстоял суд, тюрьма. Чтобы избежать последних, я устроил побег и по совету организации я вернулся обратно в Сербию. В это время отношения официальной Сербии к македонцам ухудшились. По мере развития деятельности революционного македонского комитета, империалистические правительства Сербии, Болгарии и Греции, стали враждебно относиться к македонцам, которые в будущем могли им помешать устроить разгром их страны. Поэтому македонцам пришлось вести борьбу на четыре фронта - против турок, сербов, греков и болгар. При таких условиях оставаться мне долго в Сербии было не возможно и я решил ехать в Россию и там пополнить свое образование. Это был 1900 год.

В Россию еще задолго до этого стали приезжать молодые люди со всего Балканского полуострова, чтобы поступить в разные специальные учебные заведения, неимевшиеся на их родине. Среди них было не мало и уроженцев Македонии. Последние, как получившие воспитание в чужих им национальных школах /Сербской, Болгарской, Греческой/ оставались на чужбине идейно не спаяны. Необходима была работа на чужбине по их спайке.

Приехав в тогдашний Петроград, мне пришлось вопреки желанию поступить в духовную академию, которую так усердно рекомен

довали нам все славянские"доброжелатели", расчитывавшие видеть в нас по возвращении на родину ревностных служителей истинного "мракобестия". К счастью, эта никому ненужная схоластика скоро надоедала, пришлось бросить ее не окончив и поступить в университет.

Революция 1905 года, а затем студенческие забастовки, в которых я принимал участие. послужили основанием для моего исключения из университета.

Еще в первый год моего приезда в б.Петроград, пришлось организовать из имеющихся здесь македонских уроженцев, революционно настроенное землячество под названием "СЛАВЯНО-МАКЕДОНСКОЕ ДРУГАРСТВО", единственно в России национально политическое об"единение, действующее на идейных основах "внутренней Македонской революционной организации", провозгласившей " " БОРЬБА ЗА НЕЗАВИСИМОСТЬ МАКЕДОНИИ".

Основанное в Ленинграде Македонское Другарство в течении 17 лет /с 1900 по 1917 г./ с честью несло это знамя, несмотря ни на какие интриги и запугивания со стороны его врагов. Лозунг: "Македония для македонцев"и"Балканская федеративная Республика" положенный в основание македонской,программы, приводил в ярость южнославянофилов, для которых жизнь на земле мыслима лишь только при "самодержавии и православии". Приходилось постоянно быть на-чеку, выступать с докладами в многолюдных собраниях и обществах, в газетах, журналах; издавать брошюры, карты; обращаться со всевозможными меморандумами и воззваниями к главам "европейских вершителей" и к общественному мнению.

В этот период времени мне приходилось неоднократно ездить по революционным делам в Македонию и в другие балканские страны. Во время Турецко-Балканской войны в 1912-13 г. я находился в Македонии и последняя моя заграничная поездка была в 1916 году весной в Румынию, через которую я расчитывал пробраться в Македонию, но не удалось и от дальнейших попыток мне пришлось отказаться.

За все вышеуказанное время мне приходилось добывать средства для существования уроками и переводами, а с 1907 года имел в б. Петрограде рекомендательную контору по спросу и предложению труда, которая помещаясь в одной из комнат моей квартиры тогда обслуживалась мною лично и моею женой без наемного и труда. В тоже самое время эта контора служила еще и местом для устройства собраний Македонского Другарства и всяких встреч и свиданий со своими земляками - македонцами, не вызывая против себя подозрений. Здесь же в этой конторе помещалась и редакция "Македонского Голоса". Благодаря этой конторе, я небудучи связанным казенной службой, мог учинять частые отлучки из б. Петрограда по общим делам. -

Октябрьскую революцию я провел в Ленинграде, будучи ее ревностным сторонником. В это время мы, македонские эмигранты, разработали и опубликовали к балканским народам ряд воззваний о низвержении всех существующих на полуострове династий и установлении"Балканской Федеративной Демократической Республики" во главе с советом.

За эти воззвания, как свидетельство нашей революционной деятельности и наших протестов против захватов и насилий империалистами, царские правительства на Балканах об"явили нас "вне закона".

В начале 1918 года я уехал в г. Ейск, где жила моя семья и оставался там по 1922 год, работая, с начала в овощно-плодосушильном деле, а затем, после моей болезни /сыпной и брюшной тиф/, в 1920 г. работал на I-ой Советской мельнице, а с I-го сентября 1920 г. по 1922 г. состоял на службе в Отделе Управ-

ления Красного Военного Флота Кавк. Сектора.

В 1923 году я вернулся с семьей в Ленинград и стал работать в кооперации, с начала в Инвалидной артели "Пила", а затем в артели "СТРОТЕХПРОМЛЕС" в качестве заведывающего лесным отделом.

В 1925-26 г. работал в Госстрахе по гарантийному страхованию и по жизни, а затем перешел на работу в Издательство "Ленинградская Правда" как технический работник по приему заказов. В 1927-28 г. работал в типографиях Издательства "Коминтерн" и "Творчество", тоже как технический работник по приему заказов. В 1928 г. по 1930 г. работал в артели "Метроприбор", как зав. производством и старостой Артели. В 1931 - 1932 и в начале 1933 года работал в Полиграфической школе ФЗУ "ЛЕНПРОМПЕЧАТЬСОЮЗА" зав. хозяйством и уполномоченным по снабжению. Член Союза Печатников, с 10 марта 1933 года - инвалид труда, пенсионер.

С 1932 года состою в Советском гражданстве.

Ливе-Цукове

## ОД МОЈАТА БИОГРАФИЈА

Роден сум во 1878 година[1]) во Македонија[2]), во Велешкиот округ во селото Папрадиште, во селанско семејство. Татко ми беше сиромав[3]); наскоро по моето раѓање тој загина во борба со Турците[4]), оставајќи ја мајка ми со многубројно семејство[5]). Кога имав 10 години нашето село, коешто се сметаше за едно од револуционерните жаришта во Западна Македонија[6]), беше подложено на полн разгром од страна на Турците[7]). Нашето семејство отиде да живее в гр. Крушево, каде што мене ме дадоа да учам молерски занает.

По 2 години јас и еден од постарите браќа заминавме во Софија, Бугарија[8]), каде што во текот на 3 години работев на молерскиот занает, а навечер и во празниците го посетував училиштето за описменување[9]).

---

[1]) Макар што располагаме со повеќе лични документи на Д. Чуповски, во ниеден не го наоѓаме и датумот на раѓањето (а годината се среќава многу различно). На наше писмено прашање, син му Ростислав Д. Чуповски од Ленинград во писмото од 1. XII. 1970 год. ни одговори: „Не постојат документи што би го установиле точниот датум на раѓањето на татко ми. Мене ми останал во паметта датумот на неговото раѓање 8 ноември 1878 година, село Папрадиште — Македонија. Ми се чини ќе биде правилно ако се придржувате според овој датум".

[2]) Д. Чуповски не ја признава поделбата на Македонија меѓу соседните монархии, па следствено не ја вклучува својата татковина во ниедна од тие владеачки држави.

[3]) Всушност, за папрадишки услови, ќеајата Димо Чуповски и не бил многу сиромав, бидејќи имал свое бачило, своја стока.

[4]) Димо Павлев Чуповски бил отепан на Димово Бачило од потплатени Турци, со пушка, во 1878 год., во моментот кога правел сирење. Во народот меѓутоа постојат многу преданија околу неговата смрт, којашто добила најразлични верзии, а има запишани и народни песни за ова убиство, во кои се споменува и за новороденчето Димитрија (Д-р Блаже Ристовски, Д. Чуповски во народното творештво на родното село, „Македонски фолклор", III, 5—6, Скопје, 1970, 125—130).

[5]) Според соопштението на Цветанка Кузманова Чупарова од Софија (родена во 1900 год.), Димо имал 12 деца, а според „животното дрво" што го направил Тома Николов Чупаров од Софија (роден во 1900 год.), со помошта на Павле Димов Чупаров во 1930 год., Димо ги имал следниве деца: Неда и Дилба (умреле уште мали), Мара, Христо, Ѓурѓа, Митра, Никола, Кузман, Павле, Наце и Димитрија. [Д-р Блаже Ристовски, Наце Димов (1876—1916), МАНУ, заб. 10 — во печат].

[6]) Мијачката оаза, составена од селата Папрадиште и Ореше во Велешко, навистина претставувала „револуционерно жариште", но таа не е во Западна, туку поскоро во Централна Македонија (иако Чуповски ја определува во рамките на етнографска Македонија).

[7]) Овој „разгром" бил направен во 80-тите години на минатиот век, но не од Турци, ами од Албанците од с. Црнилиште. Турците дури се јавиле во „заштита" на селото, поставувајќи и своја постојана воена стража. Во тоа време сите мохамедани беа наречувани „Турци".

[8]) Тоа треба да било во 1890 год., а најрано отишол во Бугарија изгледа братот Никола. На една фотографија од Софија од 1892 год. меѓутоа, се снимени тројцата браќа — Никола, Павле и Диме, а знаеме дека таму бил и Кузман.

[9]) По сè изгледа Чуповски ги сметал трите календарски години (1890, 1891 и 1892), но тој не останал полни три години во Софија. Од зачуваните фотографски картички се дознава дека тој сигурно бил во Софија до ав-

Во 1892 година преминав во Србија, во г. Белград, каде што се фатив на работа по својата струка, а навечер учев во Учителската школа[10]) што во тоа време ја отворија Србите специјална за работниците Македонци и за децата од Стара Србија и од Босна. Оваа школа имаше отворено шовинистички карактер и имаше цел да создава српски-етнографски елемент. Овде јас првпат бев поставен да настапувам во улогата на заштитник на својата татковина — Македонија[11]). По завршувањето на учителскава школа во 1895 година[12]), јас се вратив во татковината и почнав да учителувам во родното село Папрадиште. Во тие години во Македонија се развиваше широка активност на „Внатрешната македонска револуционерна организација"[13]) што си имаше поставено цел масовно да го подготви народот за општо востание против угнету-

---

густ. Во Архивот на Белградската митрополија е зачувано и едно уверение од Крушевската општина од 6.VIII.1892 год. со препорака Димитрија Димов Павлов да се запише во Белградската богословија. Во есента на 1892 год. веќе го гледаме во Белград, како молер и ученик на Вечерното светосавско училиште. Треба да се нагласи дека во Софија во тој период се поставуваат основите на неговиот македонски патриотизам: Чуповски непосредно го следи основањето, активирањето и уништувањето на Младата македонска книжовна дружина и ја преживува историјата на сп. „Лоза". Истовремено, Димитрија е ученик на вечерното училиште за Македонците печалбари во Софија што го организира социјалистичкото друштво „Нов живот", каде што како предавачи се јавуваат македонските студенти Д. Груев, П. Попарсов, Д. Мирчев и др., а според неговото лично сведочење, учествувал и Г. Делчев („Мак. глас", 5). Со тоа, заедно со македонскиот патриотизам тој ги усвојува и основите на социјалистичкото учење што има посебно значење за неговиот натамошен развиток. Чуповски уште мошне млад е поставен во услови што му покажуваат по какви сè патишта е принуден Македонецот да се развива и на какви начини и со какви сè средства мора да ја води својата успешна национално-ослободителна борба.

10) Всушност, Димитрија (Павловиќ) во првата учебна (1892/93) година бил ученик од III одделение на Светосавското основно училиште, а во следната учебна година стапил во I клас на Светосавското подготвително училиште, каде што го наоѓаме и во учебната 1894/95 година како ученик во II клас. Оваа „Подготвителна учителска школа" меѓутоа, тој не ја завршил за три, туку за две години, како забрзан курс заради великосрпските потреби во Македонија [Д-р Јован Хаџи Васиљевиќ, Споменица Друштва Св. Саве (1886—1936), Београд, 1936, 252 и 263]. Значајно е да одбележиме дека во еден документ од 19.XII.1894 год. Д. Павловиќ е ученик од II клас на „Подготвителното светосавско вечерно училиште" и дека меѓу 14-те питомци на Друштвото „Св. Сава" тој е „најдобар по учењето и поведението" (Дипломатски архив на Сојузниот секретаријат за надворешни работи во Белград, ПП, 1894, ред 455).

11) Чуповски во Софија имаше можности да ги следи весниците на К. Шахов и на Д. Ризов што развиваа националноослободителни идеи што беа мошне привлечни за младината од Македонија, а јавните и тајните кружоци, во кои тој активно учествуваше, му претставуваа и прва школа за национално воспитание и единствена можност за неговата акција. Тој и во Белград се наоѓа меѓу членовите-организатори на Ученичкото друштво „Вардар" во 1893/94 година, каде што активна улога имаше и К. П. Мисирков.

12) Според една фотографска картичка на Д. Чуповски со запис од 7.VIII.1895 год., до ова време тој сеуште се наоѓал во Белград.

13) Во 1895 год. оваа организација сеуште немаше толку „широка активност" во Македонија, но неговиот роден крај веќе беше зафатен од организационата мрежа. Од друга страна, заслужува внимание фактот што Чуповски дури и пред крајот на животот сеуштè ВМРО ја става во наводници,

вачите — Турци. Жедта за слобода ги опфати во тоа време сите слоеви од населението. Целата македонска младина, каде и да се наоѓаше, — во Македонија или во странство, ѝ беше на располагање на Внатрешната организација и беше готова да поднесе секакви жртви.

Во тоа епско време од историјата на Македонската револуција јас немав можности долго да работам внатре во земјата, бидејќи уште додека бев во Србија сум им бил добро познат на турските агенти како активен пропагандист за ослободувањето на Македонија, па затоа по моето доаѓање во татковината било организирано мое надгледување. Наскоро дојде моето затворање, претстоеше суд, затвор. За да ги избегнам последниве јас организирав бегство и по совет на Организацијата јас се вратив назад во Србија[14]. Во тоа време односите на официјална Србија спрема Македонците се влошија. Со развитокот на дејноста на Револуционерниот македонски комитет империјалистичките влади на Србија, на Бугарија и на Грција почнаа непријателски да се однесуваат спрема Македонците што во иднината можеа да им попречат да направат разгром на нивната земја. Поради тоа Македонците мораа да водат борба на четири фронта — против Турците, Србите, Грците и Бугарите. Во такви услови ми беше невозможно да останам долго во Србија и јас решив да отпатувам во Русија и таму да го пополнам своето образование. Тоа беше во 1900 година[15].

---

како што правеше и во 1913—1915 год. Нему му пречеше поделбата на македонското револуционерно движење на „внатрешно" и „надворешно", но тој се однесува со полн респект спрема Организацијата. Нејзините слабости не ги сфаќа и како причина за негирање на нејзиното огромно ослободително дело.,

[14]) Иако не располагаме со поконкретен материјал, треба да претпоставиме оти тој се вратил во Белград кон есента на 1895 год. Интересен е меѓутоа, фактот дека Организацијата го советувала да замине во Белград, а не во Софија, како што станувашe обично.

[15]) Овде има неколку непрецизности. Навистина, на Чуповски му било тешко да остане во таквата политичка атмосфера во Србија, точно е и тоа дека сакал да го продолжи образованието, но, како што пишува во едно свое писмо од 11. VII. 1897 год. до министерот за надворешни работи на Србија, тој заминал во Русија како питомец на Новгородската духовна семинарија, бидејќи Учителската школа, според постојните руски закони, не му била призната како средно образование, и тоа отиден со препорака од Друштвото „Св. Сава", односно од таа централа на великосрпската националистичка пропаганда во Македонија. Исто така не е сосема точно дека заминал во Русија дури во 1900 год., бидејќи и самиот во споменатото писмо до министерот пишува: „Во Семинаријата го завршив втори и трети клас и сега од новата учебна година стапувам во четврти клас . . ." (ДА на ССНР во Белград, ПП, ред 469, 1897). Следствено, на Д. Чуповски му бил признат I клас на Семинаријата во Новгород, врз основа на дипломата од Учителското подготвително училиште во Белград, а во II клас стапил во учебната 1895/96, додека III го завршил во 1896/97 учебната година. Но на една фотографска картичка на Чуповски пишува дека на 11. V. 1900 год. тој сеуште се наоѓа во Симферопол, а во документите за приемниот испит во Духовната академија во С.—Петербург стои дека во август 1900 год. тој веќе се наоѓа во руската престолнина, дојден од Тавричката семинарија (Ленинградский Государственный Исторический Архив Ленинград, Ф. № 277, оп. 1, ед. хр. 3377, 3384, 3411, 3415 и 3480). Засега не знаеме кога се префрлил од Новгород во Симферопол, но уште во писмото од 1897 год. тој се жали дека нема средства за издршка во Новгород и моли за материјална помош.

11*

Во Русија уште долго пред тоа почнаа да доаѓаат млади луѓе од целиот Балкански Полуостров за да стапат во разните специјални учебни институции што ги немаа во својата татковина. Сред нив имаше не малку и од Македонија. Последниве, како луѓе што добиле образование во туѓи национални училишта (српско, бугарско, грчко), остануваа во туѓината идејно необединети. Неопходна беше работа во туѓината за нивното обединување.

Доаѓајќи во тогашниот Петроград јас морав, покрај желбата, да стапам во Духовната академија што толку усрдно ни ја препорачуваа сите словенски „доброжелници"[16]), коишто си сметаа да видат во нас, по нашето враќање во татковината, ревносни служители на вистинското „мракобесие". За среќа, оваа никому непотребна схоластика скоро ми досади, ја отфрлив не завршувајќи ја и се запишав на Универзитетот[17]).

Револуцијата од 1905 година, а потоа студентските штрајкови, во кои зедов учество, послужија како основа за моето исклучување од Универзитетот.

Уште во првата година од моето доаѓање во б/ившиот/ Петроград се наложи да се организира од Македонците што беа овде едно революционерно настроено друштво под името „СЛОВЕНОМАКЕДОНСКО ДРУГАРСТВО", единствено во Русија национално-политичко обединување што работеше врз идејните основи на „Внатрешната македонска револуционерна организација", што ја истакна девизата „БОРБА ЗА НЕЗАВИСНОСТ НА МАКЕДОНИЈА"[18]).

---

[16]) Се разбира, сите соседни националистички пропаганди во тогашна Македонија се стремеа да подготват што повеќе свои воспитаници за попови и учители во оваа турска провинција, бидејќи овие беа основните столбови на пропагандиве воопшто. Но, поради своето образование, во духот на руските закони, Чуповски и не можеше да се запише на друг факултет. За такво нешто требаше да решава Главниот просветен совет на Руското министерство за просвета, а за тоа беа неопходни силни препораки од авторитетни места, какви што Димитрија од никаде не можеше да очекува. Уште повеќе што тој уште во семинаријата јасно ја дефинирал својата национална позиција.

[17]) Во материјалите што ни беа достапни во архивите во Ленинград не можевме да пронајдеме многу документи за школувањето на Д. Чуповски. Треба да се очекува поголемо богатство на информации во досието негово во Словенскиот стол на Министерството за надворешни работи на Русија, во рамките на Комисијата за јужните Словени, но истражувањата во АВПР во Москва сеуште за нас остануваат само до молбата. — Иако постои детална документација за студентските бранувања во Петербург, не можевме да пронајдеме никаква трага ни за уписот на Чуповски на Универзитетот, ниту пак за неговото исклучување.

[18]) Не можеме да тврдиме дека Чуповски во случајов го имал предвид Тајниот македонско-одрински кружок во С.—Петербург што претставуваше навистина филијала на ТМОРО во Русија, основан во есента на 1900 год. Зачуваните архивски материјали на революционерните кружоци во Русија не потврдуваат дека Чуповски бил член на ТМОК, а такво нешто не кажува ни Хр. Шалдев во своите ракописни спомени. Не е исклучено тој и да му сочувствувал, дури и да бил поблизок до ТМОК во тоа време што се совпаѓа со времето на неговото доаѓање во руската престолнина. Има индиции Д. Чуповски да бил во некаква македонска групација уште додека бил во Симферопол, дека во 1901 год. доаѓа во Крушево и ја пропагира македонската национална мисла, но бидејќи подолу уште еднаш и тоа сосем децидно наведува дека МНЛД дејствува во периодот од 1900 до 1917 год., би можело

Основаното во Ленинград[19]) Македонско другарство во текот на 17 години (од 1900 до 1917 г.) со чест го носеше тоа знаме, не базирајќи се на никакви интриги и заплашувања од страна на неговите непријатели. Паролата „Македонија за Македонците" и „Балканска Федеративна Република", поставена во основата на македонската програма, ги доведуваше до јарост псевдословенофилите[20]), за кои животот на земјата можеше да се замисли единствено при „самодржавјето и православјето". Требаше постојано да се биде на-готовс, да се настапува со реферати пред многулуѓни собранија и друштва[21]), во весниците, списанијата[22]); да се издаваат брошури, карти[3]); да се обраќаме со севозможни меморандуми и апели кон „европските главари" и кон општественото мнение[24]).

Во овој период јас нееднаш морав да патувам по револуционерни работи во Македонија и во другите балкански земји. Во времето на Турско-балканската војна од 1912 г. јас се наоѓав во Македонија и по-

---

да се допушти во есента на 1900 год. навистина да било образувано некакво „Словеномакедонско другарство" што добило јавно и официјално конституирање и признание дури во 1902 год.

19) Авторот го употребува името на градов од времето кога ја пишува автобиографијава, зашто до 1914 год. тој сеуште се вика С.—Петербург, потоа Петроград и дури по 1924 год. — Ленинград.

20) Чуповски секако ги имал предвид оние руски кругови околу С.—Петербуршкото словенско благотворно друштво и органот „Славянскія Извѣстія", па и околу в. „Новое Время".

21) Засега ни е познато само дека во рамките на Македонското научно-литературно другарство во периодот од 1902 до 1904 год. реферати прочитале: Д. Д. Чуповски, К. П. Мисирков, Ф. Николов(ски) и Н. Ничота. додека на 28. II. 1913 год. (4. III. 1913?) прочитал забележан реферат Н. Д. Димов пред угледното во Русија С.—Петербуршко словенско благотворно другарство, Д. Д. Чуповски најавил предавање во Правничкото собрание во 1913 год., кога што се јавува и А. Везенков.

22) Весниците и списанијата сеуште не смс успеале да ги прегледаме од тој период, но во „Славянинъ" и во „Гражданинъ", како и во „Македонскій Голосъ (Македонски Глас)", навистина има негови мошне значајни статии.

23) Како „брошури" досега ни се познати само книшката на Н. Димов (за Македонија) од 1913 год. што се печати сега во издание на Македонската академија на науките и уметностите во рамките на нашата монографија за овој досега непознат национален деец; неколкуте листа на Вражиновски „Псевдославянофилы и нововремснские македонофобы" (1914), како и дволисното издание на „Македонскій Голосъ" од 1915 год. со Резолуцијата по македонското прашање и песната на Л. Шах—Паронијанц (в. нашите прилози во „Стремеж", XV, 6—7, 1969, 520—525 и 572—578). Редакцијата на „МГ", објави и две страници цитати од списанието во 1914 год. што беа ставени во самото издание. Во 1913 год. беше најавен и еден голем зборник статии од македонски и руски автори „Въ защиту Македоніи", но не можевме да пронајдеме траги за неговата понатамошна судбина.

24) Во „Македонскій Голосъ" има повеќе такви меморандуми, а најдовме некои и во оставнината на Чуповски, но многу веруваме дека вакви документи треба да има и на други места. Можеби тоа ќе се открие поцелосно кога ќе имаме можност да ги користиме фондовите на АВПР во Москва.

следното мое патување во странство беше во 1916 година пролетта во Романија, преку која сакав да се доберам во Македонија, но не успеав и од понатамошните обиди морав да се откажам[25]).

Во целото погоре укажано време јас морав да заработувам средства со лекции и со преводи[26]), а од 1907 година имав во Петроград Сервисно биро за барање и предлагање работа што се наоѓаше во една од собите на мојот стан[27]) (и) тогаш се опслужуваше од мене лично и од мојата жена, без наемен труд[28]). Истовремено ова биро служеше уште и како место за организирање на собранијата на Македонското другарство и за секакви состаноци и средби со своите земјаци — Македонци, не предизвикувајќи против себе подозренија. Овде во ова биро исто така се наоѓаше и Редакцијата на „Македонски Глас". Благодарејќи на ова биро, бидејќи не бев врзан за државна служба, јас можев да си правам чести отсуствувања од б/ившиот/ Петроград по општи работи[29]).

Октомвриската револуција ја поминав во Ленинград како нејзин ревносен приврзаник. Во тоа време ние, македонските емигранти, разработивме и објавивме редица апели кон балканските народи за собо-

---

25) Засега ни е познато дека Димитрија дошол во Македонија во 1897 и 1901 год., а исто така во 1905 год. (заради организирање на македонската просвета на македонски јазик во пријавените 34 села), во 1911 (не ни е познато со какви цели) и во 1912 год. (заради организирање отпор против окупаторите и за испраќање делегација со меморандум до Лондонската конференција за зачувување на целоста и за давање слободен национално-државен живот на Македонија). Во зачуваниот пасош не се наоѓаат никакви траги за патување на Чуповски во Романија во 1916 год.

26) Не само што не знаеме какви сè „лекции" држел, туку не располагаме со ниеден податок за негови преводи — не само до 1907 год., туку и воопшто. Тоа би била уште една област од неговата дејност што не е без значење за полната монографија.

27) Бирото се наоѓало на ул. Гончарнаја № 13. Овој дом и денеска е зачуван во Ленинград. Целиот среден кат (над приземјето) од пет соби го држел Чуповски — како свој стан за живеење и како канцеларии на „Трудовой посредник", каде што се одржувале и сите важни состаноци на Другарството, на Македонската колонија и на Македонскиот револуционерен комитет. Во 1910 год. Димитрија изградил голема своја куќа на Обводниј канал бр. 10 (со 19 соби), но Бирото и натаму останало на старото место — сè до 1917 год. — Притоа да спомeнеме дека, според раскажувањето на Ал. Димов и на Р. Д. Чуповски, при оженувањето Димитрија добил богат мираз од сопругата му Лидија Павловна, којашто била единица, без татко, а мајка ѝ имала фарма со крави што му обезбедило основен капитал за отворање на Бирото и за натамошен економски развиток, па со тоа и за влегување во високото руско општество на Петроград.

28) Не е сосем точно дека во Бирото немал никаков „наемен труд", бидејќи организирал стено-дактилографски и други курсеви што ги одржувале специјалисти од соодветните области, а исто така други луѓе му помагале и во претприемачката работа, иако самата организација и реализација на зделките ја изведувал главно самиот тој со сопругата.

29) Сеуште не ни е познато каде сè одел од Петроград „по општи работи", освен патувањата во Македонија, но приватната работа несомнено му дозволувала такви „отсуствувања" што не можеле да си ги дозволат другите членови на Македонската колонија што биле на редовна служба.

рување на сите постојни династии на Полуостровот и за создавање „Балканска Федеративна Демократска Република“ на чело со Совет[30]).

За овие апели, како сведоштво за нашата револуционерна дејност, и за нашите протести против заграбувањата и насилствата на империјалистите, царските влади на Балканот нè објавија „надвор од законот“[31]).

На почетокот на 1918 година јас отпатував во г. Ејск, каде што живееше моето семејство и останав таму до 1922 година[32]), работејќи отпрвин во овошно-плодосушилна работа[33]), а потоа, по мојата болест (пегав и трбушен тифус), во 1920 г. работев на I-та советска мелница[34]), а од 1 септември 1920 г. до 1922 г. бев на служба во Одделот на Управата на Црвената воена флота на Кавк./аскиот/ сектор[35]).

---

[30]) Учеството на Чуповски во Октомвриската револуција не ни е многу познато, бидејќи во 1917 год. тој го префрлил семејството во мирното приморско гратче Ејск, каде што заминува и самиот во почетокот на следната година. Од тие „редица апели кон балканските народи“ ние ја имаме само Програмата за Балканска Федеративна Демократска Република од 8. VI. 1917 год. [Б. Ристовски, Програмата на Македонскиот револуционерен комитет во Петроград од 1917 година за Балканска Федеративна Демократска Република (Прилог кон проучувањето на идејата за балканска федерација во македонското национално движење), „Историја“, VII, 1, 1971, 103—117]. Пронаоѓањето на укажаните документи значно ќе ја дооформи претставата не само за дејноста на Чуповски, туку и за дејноста на Македонската колонија во Петроград воопшто во пресудните моменти од историјата на својата татковина.

[31]) Ни за овие „протести против заграбувањата и насилствата на империјалистите“ не располагаме со никаков друг документ, ниту пак за објавувањето „надвор од законот“. Познато ни е од основните лични документи дека сè до смртта Димитрија не сакал да прими југословенско државјанство, не сакајќи да ја признае поделбата на татковината, но не примил ни советско, постојано надевајќи се дека еден ден ќе доживее да се врати во слободна и обединета Македонија, поради што и останал докрај турски државјанин.

[32]) Според „Работната книшка“ на Чуповски, на 31. XI. 1921 год. тој го прекинал работниот однос во Ејск — „предизвикан од преминот во г. Ленинград, од болест и од безработноста“. Дали тоа не значи дека во 1922 год. тој е веќе во Ленинград и останал без работа сè до 2. VII. 1923 год., кога што стапува на работа во КО „Кусткелкредит“? Син му Р. Д. Чуповски во писмото од 1. XII. 1970 год. тврди: „Татко ми работеше целото време без прекин, како до Револуцијата, така и при советската власт. Без работа тој не бил“. Тој исто така соопштува дека останале во Ејск до „јануари 1923 година“.

[33]) Како мајстор во Плодосушилната работилница на П. Афанасјев и А. Варелешков во Ејск работел од 15. V. 1918 до 26. XII. 1919 год.

[34]) Во оваа Прва советска мелница СКП во Ејск работел како контролор од 1. VIII до 21. IX. 1920 год.

[35]) Според „Работната книшка“, на 22. IX. 1920 год. Чуповски бил примен на должноста раководител на Складот на Севернокавкаската воено-поморска база за снабдување на Црвената флота во гр. Ејск и останал на оваа должност до 31. XI. 1921 год., кога што била ликвидирана оваа база (Упродкаввоенфлот).

Во 1923 година јас се вратив со семејството во Ленинград[36]) и почнав да работам во задруги, отпрвин во Инвалидскиот артел „Пила"[37]), а потоа во артелот „СТРОЈТЕХПРОМЛЕС" како раководител на Дрводобивниот оддел[38]).

Во 1925—26 г. работев во Госстрах за гарантното осигурување и за животот[39]), а потоа преминав на работа во Издателството „Ленинградская Правда" како технички работник по приемот на претплатата[40]). Во 1927—28 г. работев во печатниците на издателствата „Коминтерн"[41]) и „Творчество"[42]), исто така како технички работник по приемот на претплатата. Во 1928 до 1930 г. работев во артелот „Метроприбор", како рак./оводител/ на производството и старешина на артелот[43]). Во 1931—1932 и во почетокот на 1933 година работев во Полиграфичката школа на

---

[36]) Со оглед на тоа што погоре вели оти останал во Ејск до 1922 год., а овде пишува оти се вратил во Ленинград во 1923 год., треба да се прими како точно тврдењето на син му Ростислав дека Чуповски се преселил во Ленинград во јануари 1923 год.

[37]) Од 2. VII. 1923 до 18. II. 1924 год. работел како специјалист за стоката во Кооперативното обединение „Кустселкредит" во Ленинград. Не знаеме дали овој Инвалидски артел „Пила" бил во рамките на истата работна организација, но такво име нема запишано во Работната книшка.

[38]) На 19. II. 1924 год. Чуповски бил примен на должноста раководител до 10. XII. 1924 год., кога по своја желба преминал во „Госстрах". Можеби притоа бил раководител и на Дрводобивниот оддел, но тоа не е регистрирано во Работната книшка.

[39]) Од 2. II до 1. X. 1925 год. работел како „ополномоштеник за осигурување во Госстрах" во Ленинград, па, како што сведочи син му, одел по куќите да врши осигурување на имотот и животот.

[40]) Од 21. X. 1925 до 15. XII. 1926 год. работел „во Издателството ,Ленинградская Правда' на должноста ополномоштеник за ,Новая Вечерняя Газета'", односно собирач на претплатата за весникот. Работата престанала поради престанувањето на ова вечерно издание.

[41]) Во Издателството „Коминтерн" во Ленинград, како „претставник на печатницата" (всушност пак како собирач на претплатата), работел од 8. I до 15. VIII. 1927 год.

[42]) Според Работната книшка, од 22. VIII. 1927 до 31. V. 1928 год. бил „на должноста ополномоштеник за техничките работи и калкулациите".

[43]) Според „Членската пресметковна книшка" № 1 од 31. V. 1928 год. и според „Работната книшка", од 1. VI. 1928 до 31. VIII. 1930 год. Чуповски работел како раководител на производството и раководител на артелот „Метроприбор" што всушност самиот го организирал, бидејќи така имал можност повеќе да заработува. Во оваа задруга работел и внук му Ал. Димов, којшто ни објасни дека задругата произведувала разни мерни инструменти и уреди, каде што самиот тој бил „штемповшчик" (за бројките на метрата). На 1. IX. 1930 год. артелов се слеал со артелот „Меридиан", каде што Чуповски станал раководител на работилницата, но на 24. I. 1931 год. и оваа задруга била укината и Чуповски бил упатен во реонскиот Сектор за кадри на ЛРПС. Син му меѓутоа, ни пишува: „Потоа овој артел се влеа сосе целиот состав на работниците и службениците во Заводот ,Госметр' во гр. Ленинград".

ФЗУ „ЛЕНПРОМПЕЧАТСОЈУЗ" како раководител на економатот и ополномоштен за снабдувањето[44]). Член сум на Сојузот на печатарските работници, од 10 март 1933 година сум трудов инвалид, пензионер[45]).

Од 1932 година се наоѓам во советско граѓанство[46]).

Д. Павле—Чуповски[47])

---

[44]) Од 16. III. 1931 год. Димитрија е назначен за помошник на економот на Полиграфичката школа за фабричко-заводски работници (Школа ФЗУ), каде што, како што објаснува син му Ростислав во цит. писмо, „се вршеше подготовка на младите кадри за полиграфичката индустрија на Индустриската кооперација на градот". Бидејќи Чуповски не беше туѓ на градежништвото уште од малост, нему му се доверува и задачата „да ја надгледува поправката на просториите на Школата на каналот ,Грибоедов'". Од 17. I. 1932 год. со наредбата № 45 Школата ФЗУ го задолжува со „неограничено работно време" (поради што и му се зголемуваат примањата) врз изградбата на Школата на Митнинска ул., како раководител на градбата. Со наредбата № 60 од 16. IV. 1932 год. Чуповски е назначен за раководител на Економатот на Школата, каде што пред тоа беше само како помошник раководител. Но „ополномоштениот за работничкото и материјалното снабдување" Д. Чуповски, по чл. 47 од НЗОТ, „поради привремена трудова неспособност — болест", од 7. I. 1933 год. бива ослободен од должноста.

[45]) Веројатно со наредбата № 7 од 8. III. 1933 год. Чуповски е преведен како постојано неспособен и станал пензионер. Заболен од кардиосклероза, притиснат од преголема работа во последните години, а и психички сломен по ненадејната смрт на син му студент (Александар), тој цело време потоа боледува, а во последните години, поради високите скали на станот (на Загородниј пр., 17), каде што морал да се пресели во 1934 год. поради строеж на големи објекти на теренот на Обводниј канал, речиси и воопшто не излегува од дома.

[46]) Како што беше веќе укажано, тој навистина има добиено лична карта советска, но си останал до крај само советски граѓанин, а турски поданик.

[47]) На копиево на овој документ нема никаков датум. Син му смета дека тој е од 1933 год., веднаш по пензионирањето или можеби токму поради пензионирањето. Во секој случај првиот примерок треба да се наоѓа во неговото досие во соодветната советска државна институција.